# Повик за Експерти/ки за имплементација на програма за основни вештини за претприемништво, пазарни, финансиски и деловни вештини и самовработување

## ВОВЕД

Здружението за рурален развој ЛАГ Агро Лидер, на 01 јуни 2023 година започна со имплементацијата на проектот “Вештини и зајакнување на младите преку Иницијативи за развој на претприемништвото и самовработување” поддржан од Македонска развојна фондација за претпријатија во име на проектот „Потпри се на младите“

## I. Краток опис на проектот

**Главни цели на проектот се**:

Проектот има за цел Подобрување на степенот на самовработување на младите во руралните средини преку воспоставување и подобрување на соодветни политики за вработување на младите, самовработување и претприемништво

- Да се зајакнат младите луѓе со практични вештини за претприемништво и бизнис менаџмент

- Да се поддржат младите да ја подобрат нивната финансиска писменост и да ја подигнат нивната свест за достапните и пристапни извори на грантови/кредити за поддршка на започнување и проширување на бизнисот.

- Да се изгради капацитетот на младите луѓе да ги ангажираат засегнатите страни на локално и национално ниво да се залагаат за политики за вработување за младите.

**Целни групи на проектот се:**

Целна група на проектот се:

- Млади од руралните средини во Пелагониски регион: Вклучени млади од 18 до 25 години од руралните средини во Пелагонискиот регион. Ќе бидат избрани 50 млади членови на заедницата од кои се очекува најмалку 30 членови успешно да го завршат проектот.

- Средни целни групи - работодавци на млади, претставници на локални луѓе, локални лидери на мислење, медиуми, граѓански организации, локална заедница директно засегната со приоритетите на младите.

**Очекувани резултати од проектот се**:

1. Воспоставување на успешна политика за зголемување на претприемачките вештини и самовработување на млади и намалување на стапката на невработеност кај младите од Пелагонискиот регион

2. Подобрување на вработливоста на младите во Пелагониски регион преку подобрување на вештините за стручна обука со цел да се премости јазот меѓу потребните квалификации на пазарот на труд, самовработувањето и компетенциите стекнати преку образованието и обука

3. Подготвен план за промовирање на мобилноста на работната сила како средство за премостување на јазот помеѓу достапните вештини и побарувачката на пазарот на труд

4. Воспоставување на планови за соработка со факултети и универзитети на национално ниво за унапредување на претприемачките вештини и самовработувањето на младите

5. Зголемен пристап до информации за финансиски средства за започнување на сопствен бизнис

6. Зголемено учество на младите од Пелагонискиот регион во процесот на донесување на одлуки на локално ниво

## II Опис на работните задачи

Со цел проширување на Центарот за професионални обуки и кариерен развој на Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола со вклучување на претприемачки вештини, вештини за самовработување и пазарни вештини, финансиска писменост и бизнис и обука за развој на мал бизнис, потребно е ангажирање на експерти за областите: финансиска писменост, елетронска писменост и е-трговија, претприемачки вештини, меки вештини

Основната цел на ангажманот е да се изберат соодветни експерти/ки кои што ќе подготват и спроведат програма и обука што се фокусира на пренесување вештини на младите како што се животни вештини, технички вештини и работа и вештини за подготвеност и можностите за самовработување. Програмата треба да биде подготвена и спроведена за 50 млади лица од руралните средини од Пелагонискиот регион.

Предмет на набавката е подготовка и спроведување на програма и обуки за 50 млади лица од руралните средини на Пелагонискиот регион кои опфаќаат 4 теми: финансискиа писменост, елетронска писменост и е – трговија, претприемачки вештини и меки вештини.

Предметот на договорот е **делив**. Понудувачите може да одберат кои од понудените теми сакаат да ги опфатат во својата понуда согласно својата експертиза. Договорниот орган го задржува правото да ангажира повеќе понудувачи (барем еден за наведена тема:

финансискиа писменост, елетронска писменост и е – трговија, претприемачки вештини и меки вештини). За секоја од наведените теми се предвидени по 10 обучувачки денови од поединечна обука.

**Доменот на работа на избраниот понудувач опфаќа:**

- Подготовка на програма и материјали за обука на 50 млади лица. Обуките ќе бидат тематски, односно десет денови по минимум три часа за секоја од темите;
- Спроведување на десетдневни обуки со 50 учесници по обука, согласно подготвената и одобрена програма, во координација со проектниот тим;
- Подготовка на евалуација и извештај по завршување на обуките.

Избраниот понудувач треба обезбеди висок квалитет на работата и навремено да предупредува за било какви неправилности во текот на работењето.

Вкупно е предвидено подготовка на 4 програми и 40 денови обука (10 денови од секој експерт)

**Очекувани резултати/аутпути**

1. Подготовка и спроведување на програма и обука од 10 денови со 50 лица по обука, во координација со проектниот тим.

Резултатите/ауптутите соодветно опфаќаат и подготовка и достава на извештајна документација односно: извештај за спроведените обуки, евалуација и извештај за спроведените обуки.

Основна цел на програмата е разбирање на едноставните финансиски производи, концепти и ризици коишто на поединците ќе им овозможат стекнување вештини за успешно менаџирање со финансиските ризици. Детално елаборирање финансиските производи и услуги што ги нудат банкарските институции, со посебен акцент на услугите на електронското банкарство. Претприемачките и меките вештини се очекува да му овозможуваат на поединецот успешно да комуницира, да решава проблеми и комплексни ситуации како и да создава и да менаџира со тимови. Оваа обука ќе им овозможи на учесниците да се стекнат со вештини потребни за успешно водење на бизнис и преку употребата на деловниот англиски јазик како основна алатка за комуникација во глобалниот деловен свет.

Овој чекор обезбедува Обука за основни вештини за претприемништво, пазарни, финансиски и деловни вештини и самовработување. Овој модел е дизајниран да им помогне на младите да развијат пазарно ориентирани вештини за самовработување и пристап до пари од фондови/основни пари за лесно да се асимилираат на пазарот, да бидат информирани за нивниот самонасочен раст, стекнување самообразование и квалификација, вмрежување со врсници и претпријатија.

Развојот на претприемништво преку обука за вештини има за цел да ги подобри економските можности за младите преку обезбедување на обуки за вештини релевантни за пазарот, обука за

претприемништво, менторство, финансиска едукација, електронска писменост, свесност за сајбер безбедноста, е-трговија / е- маркетинг итн.

**Содржина на извештајот за спроведена за спроведена обука**

За секоја испорачана обука, избраниот понудувач треба да достави извештај за спроведена обука кој ќе ги содржи минимум следните елементи:

- опис на спроведената обука
- Листи на присутни
- Фотографии
- Оценка на обуката од страна на учесниците

За секоја спроведена обука треба да се достави извештај до договорниот орган во електронска форма, ворд документ во обем од најмалку 1-2 страни и пропратна документација (резултати од евалуацијата).

**Предвидени денови за испорака на бараните аутпути**

Договорниот орган има предвидено точен број на експертски денови на испорака на бараните услуги кои се составен дел од финансиската понуда која треба да ја достави.

| Опис на аутпут | Предвидени денови |
|---|---|
| Подготовка и спроведување на обука на 50 млади лица во вкупно 10 денови | 10 експертски денови за една тема што ја опфаќа обуката |

## III Тип на договор

Секој експерт ќе биде ангажиран 10 денови.

Со селектираните експерти ќе биде потпишан поединечен договор за хонорарно ангажирање во рамките на проектот.

Краен рок за испорака на услугата е 15.11.2023 година.

## IV Потребни квалификации

Пријавените треба да ги поседуваат следните квалификации и вештини:

• Завршено високо образование од областа на општествени науки/правни науки/економски науки
• Минимум 5 години соодветно работно искуство
•Одлично познавање на моменталната состојба со условите за претприемништво, програми и мерки на младите лица за самовработување

• Претходно искуство во исти или слични ангажмани.

Понудувачот кон понудата треба да предложи експерт/и кој/и ќе биде/ат одговорен/и за подготовка на програмата и спроведување на обуките и треба да ги исполнува/ат критериумите за спроведување на предметот на повикот. Експертот/те треба да поседува::

- Образование и квалификации:
    - Универзитетско образование на обучувачот/те (поседување на стекнато повисоко универзитетско образование од областа на општествени науки/правни науки/економски науки, магистерски или докторски студии, ќе се смета за предност).
- Генерално професионално искуство:
    - Минимум три (3) години искуство во подготовка на програми и и спроведување на обуки и работилници;

## V Потребна документација

Понудата треба да го содржи следново:

Понудата треба да ги содржи следниве елементи: -

• Детална биографија (CV)
• Писмо за интерес со референци за претходно работно искуство и/или Листа на претходно изработени анализи/трудови/публикации и
• Финансиска понуда

## VI Критериум за избор:

• Екпертиза и претходно искуство во подготовка на слични продукти

Изборот на најповолни понудувачи ќе се прави според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена“. Индикативен период за спроведување на услугата и испорака на бараниот аутпут е октовмри – ноември 2023 г.

## VII Рок за пријавување

Понудите треба да се достават најдоцна до 12.10.2023 година по електронска пошта на: lagagrolider@gmail.com или лично на рака во канцелариите на организацијата, со назнака „Апликација за Експерт/ка за програма за основни вештини за претприемништво, пазарни, финансиски и деловни вештини и самовработување

**Дополнителни информации**

Дополнителни информации за повикот за експерти можете да добиете со испраќање на маил на lagagrolider@gmail.com